# изложба на фотографии

**5-15, февруари, 2004 | Музеј на Град Скопје**



# кондовски

филип и димитар

Како задоцнети зраци на некоја далечна ѕвезда, до мене допира светлината од фотографијата!

Ова морничаво чувство го имам секогаш кога пред мене се фотографии. Тие фотографии и не мора да се семејни. Истото чувство го имам кога прелистувам книга или некој моден часопис. Фотографиите, едноставно, ја имаат во себе таа мрачна бездна што предизвикува вртоглавица и секогаш постои тој отклон од стварноста, изместување коешто е инхерентно на нивното битие. Фотографиите го претставуваат она што некогаш било (независно од должината на временскиот интервал меѓу светлината што го осветлувала предметот и светлината во моето око). Она што некогаш било со своето зрачење (својата луминисценција) ја допрело површината што сега ја допира мојот поглед. Да, веќе ги нема тие познати лица, девојката од предмалку веќе не е истата девојка, моето лице веќе е лице на некој друг, ги нема тие познати видици што исчезнуваат во маглата на сеќавањето и тие предели низ кои некогаш патувавме - постои само ектоплазма што избива од фотографиите, ектоплазма на она што било: ниту слика, ниту стварност, туку едно ново битие - навистина, стварност што веќе не може да се допре. Филип Кондовски знае дека фотографијата е споменик и раскош. Споменик, затоа што таа овековечува еден неповторлив миг во времето, и раскош, затоа што во неа се складирани скапоцени чувства како тајно богатство. Тој знае и дека секоја фотографија се чита како приватна надворешност на нејзиниот референт: времето на фотографијата (вели Ролан Барт) точно се поклопува со провалата на приватното во јавноста, или со создавањето на една нова општествена вредност каква што е јавноста на приватното: приватното се консумира како такво, јавно! Оттаму тој ги изложил своите дела (претежно модни фотографии) поставувајќи ги во моќен контрапункт со семејните фотографии коишто некогаш ги направил неговиот татко Димитар Кондовски. Од една страна, студената убавина на манекените кои пред нас стојат гордо како проѕирни скулптури од лед што брзо се топи, а од друга, топлината на домот, таа кревка и трошна светлината што се рони и како златен прав ги прекрива нештата и некои нему драги лица (меѓу нив и самиот автор) - така Филип Кондовски го разоткрива битието на фотографијата: некаде меѓу јавното и приватното, меѓу лагата и вистината, меѓу вечноста и минливоста, меѓу присутноста и отсутноста, меѓу животот и смртта...

Емил Алексиев

Like late rays of a far away star, the light of a photograph reaches me!

I have this terrifying feeling whenever there are photos in front of me. These photos might not be family photos. I have the same feeling when I leaf through a book or a fashion magazine. The photos, simply, have in themselves that dark abyss which causes vertigo and there is always that bias from reality, an inclination inherent to their substance.The photos represent what once was, (apart from the length of the time interval between the light illuminating the object and the light reaching my eye.) That which once was, with its radiance (its own luminescence) touched the surface that is now touched by my eye. Yes, the known faces are gone, the girl from that time is not the same girl, my face is already the face of somebody else, the familiar views disappearing in the mist of memories, are gone too; and those landscapes we were travelling across-there is only ectoplazm that emerges from the photos, ectoplasm of what once was: not a picture, nor reality can' t be reached any more. Filip Kondovski knows that photography is a monument and luxury. A monument because it immortalizes a unique moment in time, and luxury, because precious feelings, like hidden riches, are put aside in it. He knows that each photo could be read as a private appearance of its referent. The time of photography (says Roland Bart) exactly overlaps with bursting of private in public, or with creation of a new social value as the publicity of private is: private is consumed as such, in public! That is why he exhibited his works (mostly fashion photos), putting them in a powerful counterpoint with the family photos that once his father, Dimitar Kondovski made. From one side, there is the cold beauty of the models, standing proudly in front of us like transparent sculptures made from ice, melting fast. From the other side, the home warmth, that fragile and weak light wearing away and like golden dust covering the things and some faces dear to him (among them the author himself). Thus, Filip Kondovski discovers the essence of photography somewhere between public and private, between lie and truth, between eternity and ephemeral, between presence and absence, between life and death...

Emil Aleksiev









>> dimitar














filip <<



# filip <<

Filip Kondovski was born on the 10th of December 1973 in Skopje. He studied at the Bulgarian Theatre and Film National Academy in Sofia-Film and Camera Department He graduated in 1996, in the class of Prof. Venec Dimitrov, with the 50 minutes feature film "Amaro, ma non troppo", directed by Kristijan Ristevski.

In Autumn 1996, in the Hall of Culture "Mala Stanica" in Skopje, he opened his first solo photo exhibition, under the title "Faces". It was later set in Ohrid, at the 18th Manaki Festival in Bitola and at the International Student Film Meetings in Sofia.

In 1998, produced by MRTV, he made the TV film "Today, tomorrow..." directed by Igor Pop Trajkov, shown in Berlin at Prix Europa '98 in the category "Young Europe".

In 1999, with the director Andreja Trajkovski, he made two short films, produced by MRTV: the documentary "Binoculars" and the short feature film "The Mouse". In the same year he made three 45 minutes TV programs for the MRTV Department for Art and Culture, more exactly for its series "Cultural Treasury".

In 2000, he realized the project "New Technologies" made in USA, and financed by the Council for Radio-diffusion. In 2001 he realized five projects directed by Andreja Trajkovski and also the film "Water Is Life", written and directed by Kocho Netkov, produced by the Foundation for Waters. In 2oo2 he worked on series of photos for billboards for several campaigns. In 2003, for the MRTV series "Cultural Treasure", he realized the 60 minutes projects "Zrze Monastery", written by d-r Dimitar Kornakov and directed by Kole Malinov. In the same year he shot the children's program "I want to be a basket player", including six episodes, financed by the Council for Radio-diffusion and the Agency for Sport and Young.

In the past few years he has been working on several advertisement clips. At this exhibition, Filip Kondovski presents about 130 fashion and art photos and posters for cultural manifestations and institutions, as well as billboards for marketing campaigns.

Филип Кондовски е роден на 10 декември 1973 година во Скопје. Студирал на Бугарската Национална Академија за театарска и филмска уметност во Софија - на Одделот филмска и тв камера. Дипломирал во 1996 година во класата на професор Венец Димитров со 50 минутниот игран филм "Амаро, ма нон тропо" во режија на Кристијан Ристевски. Есента во 1996 година во Културниот центар "Мала Станица" во Скопје ја отвара својата прва самостојна изложба на фотографии, под наслов "Лица", која подоцна беше пренесена во Охрид, на 18-тите Манакиеви средби во Битола и на Меѓународните студентски филмски средби во Софија. Во 1998 година во продукција на МТВ го снима ТВ филмот "Денес, утре" во режија на Игор Поп Трајков, кој беше прикажан во Берлин на Prix Europa '98 во категоријата на Young Europe. 1999 година во режија на Андреја Трајковски снима два кратки филма во продукција на МТВ: документарецот "Двоглед" и кусиот игран филм "Глушецот". Истата година сними и три 45 минутни ТВ емисии за културната редакција на МТВ, односно нејзиниот циклус "Културна ризница" Во 2000 година го снима и проектот "Нови технологии" реализиран во САД а финансиран од Советот на Радиодифузија.

2001 година сними сними 5 проекти во режија на Андреја Трајковски како и филмот "Водата е живот" по сценарио и во режија на Кочо Нетков, а во продукција на Фондот за води. 2002 година работи серија фотографии за билборди на разни кампањи, а 2003 за циклусот "Културна ризница" на МТВ го снима 60 минутниот проект "Манастирот Зрзе" по сценарио на д-р Димитар Ќорнаков во режија на Коле Малинов. Истата година ја снима детската серија "Сакам да бидам кошаркар" во шест епизоди, финансирана од Советот за Радиодифузија и Агенцијата за спорт и млади. Изминативе неколку години работел и на повеќе рекламни спотови. На изложбата излага околу 130 модни и уметнички фотографии, плакати и постери за културни манифестации и институции како и билборди од маркетинг кампањи за кои фотографиите ги работел Филип Кондовски.

Академскиот сликар Димитар Кондовски е роден на 30 Септември 1927 година во Прилеп, а починал на 10 Август 1993 година во Скопје.

Академија за ликовни уметности завршил во Белград во 1952 година, во класата на професор Недељко Гвозденовиќ.

Академик, професор Димитар Кондовски една од клучните фигури на Македонското сликарсктво во II половина на 20-от век, покрај одржувањето на 15 самостојни изложби во Македонија, низ Југославија, САД и Канада, учествувал и на многубројни репрезентативни групни изложби во сите позначајни европски културни центри и на сите континенти.

Делата на овој македонски уметник со меѓународно реноме се наоѓаат во разни државни и приватни колекции, галерии и музеи во земјата и во светот.

Како еден од пионерите на подрачјето на ликовно-графичкото обикување во Македонија Кондовски има опремено неколку стотина книги, голем број учебници, весници и списанија (особено за деца на македонски, албански и турски јазик), потоа јубилејни изданија, монографии и плакати со повеќе од 2000 илустрации. Автор е и на над 200 сценографски решенија за телевизиски емисии, драмски, оперски и балетски претстави.

Неговиот богат творечки опус му донесе голем број домашни и странски награди и признаинија.

На оваа изложба прв пат се прикажуваат шеесетина фамилијарни фотографии кои ги снимил Димитар Кондовски.

The painter Dimitar Kondovski was born on the 30th of September, 1927, in Prilep. He died on the 10th of August, 1993, in Skopje.

He graduated at the Academy of Art in Belgrade in 1952, in the class of Prof. Nedeljko Gvozdenovich.

Professor Dimitar Kondovski, a member of the Macedonian Academy of Science and Art, was one of the key figures of Macedonian painting in the second half of the 20th century. Besides his 15 solo exhibitions in Macedonia, in Yugoslavia, USA and Canada, he participated in many representative group exhibitions in all distinguished European cultural centers and on the all continents.

The works of this Macedonian artist with international reputation could be seen in many state and private collections, galleries and museums in the country and abroad.

As one of the pioneers in the filed of visual-graphic expression in Macedonia, Kondovski had illustrated several hundred books, a great number of textbooks, newspapers and magazines (especially for children in Macedonian, Albanian and Turkish language), jubilee editions, monographs and posters with more than 2.000 illustrations. He is the author of more than 200 settings for TV programs, drama, opera and ballet projects.

His rich creative opus was awarded with a great number of domestic and foreign awards and recognition.

At this exhibition, about sixty family photos made by Dimitar Kondovski are exhibited for the first time.

>> dimitar

Publisher- Museum of the city of Skopje
Editor in Chief- Klime Korobar
Preface- Emil Aleksiev
English translation- Taska Gavrovska
Graphic design-Kosta Lazarevski
Print-Skenpoint

Издавач- Музеј на град Скопје
Одговорен уредник - Климе Коробар
Предговор - Емил Алексиев
Превод на англиски - Таска Гавровска
Графички дизајн - Коста Лазаревски
Печат - Скенпоинт

Проектот е реализиран со помош на Министерството за Култура на Ребулика Македонија
This project is realized with the help of the Ministry for Culture of the Republic of Macedonia

КОНДОВСКИ

Адреса: ул "Ганчо Хаџипанзов" бр 17 1000 Скопје, Македонија+ + 389-2-3178-437 + + 389- 70- 804-581
Address: ul. "Gancho Hadzipanzov" No. 17 1000 Skopje, Macedonia++ 389-2-3178-437 ++ 389-70-804-581